**Почитувани**,

Најнапред дозволете ми да ви се заблагодарам за доставената покана и пред се за можноста граѓанскиот сектор и експертската јавност да може да се вклучи во вака важни прашања како што е денешново.

Аналитика е единствена тинк тенк организација во Македонија која веќе 10 години работи на прашања поврзани со безбедноста како и енергетика. Во делот на управување со безбедносно-разузнавачките служби како составен дел од реформите во безбедносниот сектор, Аналитика има објавено неколку труда посветени на темата како, надзор и следење на комуникациите, надзор над финансиското работење на безбедносно разузнавачките служби итн. Овие активности Аналитика ги спроведува во партнерство со Женевскиот центар за контрола над вооружените сили DCAF од Женева.

Двата документи кои се предмет на денешната расправа претставуваат добра основа за започнување на низа реформски потфати кои доколку бидат исполнети значително би го унапределе демократскиот начин на управување со службите што па од друга страна би допринело кон нивна зголемена ефикасност и ефективност.

Голем дел од препораките кои се посебно нагласени во извештајот на Прибе се поклопуваат со она што ние во Аналитика го предлагаме веќе неколку години по ред.

Јас моето излагање ќе го насочам повеќе кон предлагање на решенија кои би биле комплиментарни на препораките од експертската група во делот на парламентарниот надзор и контрола.

Имено,

Добро е да се забележи дека двете собраниски тела кои се задолжени за надзор на безбедносно-разузнавачките служби се комплетирани. Она на што треба да се посвети соодветно внимание е обезбедување на соодветна експертска и техничка поддршка за пратениците за непречено спроведување на надзорот. Потребно е да се обезбедат посебни средства за засилување на капацитетите на двете надзорни комисии, особено во врска со дополнителна експертиза.

УБК и Агенцијата за разузнавање треба во најскоро време да ги поднесат извештаите за работа за 2014 год. и програмите за работа за 2015 год. Апелираме Директорите на двете служби треба да бидат присутни на седниците на комисиите за да ги образложат документите и да одговараат на прашањата од пратениците.

Потребно е да се постигне договор за реализација на теренските посети, како и можноста да се бараат конкретни извештаи или информации во текот на годината, воспоставувајќи јасни процедури и рокови.

Со цел обезбедување континуитет во работата на комисиите и редовност на активностите, да се воведат квоти за минимален број на одржани седници, на пример најмалку еднаш месечно или квартално.

Комисиите во новиот состав треба да остварат првични посети на сите институции кои се предмет на надзорот каде ќе добијат претстава за нивната работа, опремата која ја користат и важечката законска рамка. Реципрочно, раководителите на службите исто така треба да доаѓаат на седници на комисиите.

Со оглед на тоа што најголем дел од седниците на двете надзорни комисии се случуваат зад затворени врати, треба да се воспостави механизам за известување на јавноста.
УБК и останатите разузнавачки служби треба да подготват план за поголема транспарентност и комуникација со јавноста. Годишните извештаи во скратена и некласифицирана верзија треба да бидат јавно објавени како во дел од земјите во западна Европа.

**Други институции**

Независните надзорни институции како што е Народниот правобранител и Државниот завод за ревизија треба поактивно да ги користат своите овластувања во однос на безбедносниот сектор и да ја подобрат соработката со Собранието. Доколку е потребно, нивните претставници да присуствуваат на седници на надзорните комисии.

Царинската управа и Управата за финансиска полиција треба да се доекипираат и да се стекнат со потребниот капацитет за следење на комуникации. Да се разгледа можноста за поднесување годишни извештаи за примена на ПИМ следење на комуникациите до соодветната надзорна комисија.

Извештаите на јавното обвинителство исто така може да бидат тема на расправааата на двете надзорни комисии. Јавниот обвинител на РМ треба да присуствува на овие седници и да одговара на прашањата на пратениците.

За крај сакам да напоменам дека дел од препораките од Извештајот на Прибе се системски што значи дека е потребно сериозно разгледување и отпочнување на дебата за целокупната поставеност на безбедносно-разузнавачкиот сектор имено:

- Директниот пристап на УБК до техничката опрема што овозможува пресликување односно мироринг на сигналот
- Кадровската опременост на УБК
- Мандатот на работата на УБК

Препраките кои ги напоменав погоре се засновани на истражувањата и анализите спроведени во последните пет години. Тимот на Аналитика стои на располагање за конструктивен придонес кон реформите и дополнителни предлози.

Андреја Богдановски,
Истражувач по безбедносни прашања
Аналитика тинк тенк